**20242153743**

## КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

Врз основа на член 203 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23) и согласно член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23), Министерството за внатрешни работи и Македонскиот полициски синдикат, склучија

## КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 149/21, 299/21, 303/21, 32/22, 54/23, 102/23 и 6/24), во член 201 во ставот (1) по зборот „мајка“ се додаваат зборовите „и на работник – татко“.

Во втората реченица по зборот „мајката“ се додаваат зборовите „односно таткото“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Правото на паричен надоместок се остварува по поднесено писмено барање од страна на работниците од ставот (1) на овој член, односно член на нивното потесно семејство.“.

Член 2

Овој колективен договор влегува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 03-573/1
9 октомври 2024 година
Скопје

Македонски
полициски синдикат
Претседател.
**Зоран Кузманоски**, с.р

Бр. 13.1.1-103285/1
24 септември 2024 година
Скопје

Министерство
за внатрешни работи
Министер
**Панче Тошковски**, с.р